# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

ЈУЛИ-СЕПТЕМВРИ 2025 // CIVICAMOBILITAS.MK

МАГАЗИН БР.22



Фото: ЦМА КРИК

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# АЈДЕ ДА РЕШИМЕ ЗАЕДНО!

„Овие протести покажаа дека храброста и истрајноста можат да променат многу. Од борба за воздух - до пример за човечност и заедништво. Нека ова биде инспирација и за другите иницијативи низ Македонија", вака им се обрати на собраните граѓани еден од членовите на независната иницијатива „Стоп за Вардариште" кои 40 дена преку протест се бореа против загадувањето од депонијата Вардариште.

Иницијативата беше на граѓаните кои побараа чист воздух, здрава животна средина и одговорни институции. Тие јасно ги кажаа своите барања и ги доставија до надлежните институции.

Протестот го ставија во мирување дури откако почнаа да се реализираат дел од нивните барања за да им дадат простор на институциите да си ја завршат работата. Но предупредија, „ако процесот застане, ако ветувањата не се исполнат, повторно ќе се вратиме, посилни и побројни од кога било!"

Ваквите иницијативи се ветер во грб за граѓанскиот ангажман. Иако често слушаме дека граѓаните се незаинтересирани, рамнодушни, пасивни, сепак, во секој дел на државата можат да се најдат активисти кои неуморно работат на нивните цели.

Можеби информациите за нивните активности не се многу јавно експонирани, но таму се, посветени на луѓето со кои работат и истрајни во тоа што сакаат да го постигнат.

Голем дел од нас се дел од тој граѓански ангажман. Некогаш не сме свесни дека со учеството во некои од активностите ја градиме таа активистичка мрежа. Некогаш тоа се протести, но почесто се обуки, работилници, детски и младински кампови, теренски акции, мини кампањи, дебати, анализи...

Сите овие активности овозможуваат да ги градиме нашите знаења и вештини за да ги употребиме барајќи и придонесувајќи кон промените во нашите заедници и во целото општество. Никој од вклучените во ваквите активности не е исклучен од интеракции со околината преку кои влијае на другите.

На тој начин, свесно или несвесно, сите придонесуваме кон граѓанскиот активизам кој ни помага да ја зајакнеме демократијата одоздола. Граѓанскиот ангажман информира, вклучува и ги држи одговорни институциите.

Тој е најбрзиот пат локалните проблеми да станат јавни приоритети – од чист воздух и безбедни улици, до фер буџети и подобри услуги. Активизмот гради доверба и солидарност меѓу различни групи, создава практични вештини кај младите, ја зголемува видливоста на жените и маргинализираните, и ја мобилизира приватната и јавната поддршка за заедничко добро.

Најважно, активизмот ја претвора рамнодушноста во учество: од „некој друг нека реши" во „ајде да решиме заедно!".

Новиот број на „Граѓаните за промена" е покана да се вклучите: да прашате, предложите, волонтирате, донирате, гласате и создавате. Зашто граѓанскиот ангажман не е еднократен настан – тоа е навика што го подобрува секојдневието и ја прави нашата заедница посилна, поправедна и поотпорна.

Активистите од #стопзавардариште на сите што се двоумат им порачаа – „запомнете, промената не доаѓа сама. Ние сме тие што ја носиме!"

Пријатно читање!

Гонце Јаковлеска
Национален координатор на
Цивика мобилитас за ИКО

*Им благодариме на:* Центарот за истражувања и анализи НОВУС, Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕЕМ), Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП), Институтот за истражување на општествениот развој – РЕСИС Скопје, Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Центарот за младински активизам КРИК, Здружението „Круна плус" Радовиш, Институтот за комуникациски студии (ИКС), Прва детска амбасада Меѓаши, Младиснки совет Прилеп, Институтот за едукација, стратешки истражувања и анализи РУРАЛ ТИНК Кичево, Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП), Здружението Конект, Здружението за истражување и анализи ЗМАИ, Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП), ХОПС – Опции за здрав живот и Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата за поддршката и пристапот до информациите при подготовката на текстовите за овој број. *Фото архива:* Цивика мобилитас, Граѓански ресурцен центар (ГРЦ) „Новус", МИМ, ИФЕС, МРФП, Ресис, ЦМА „Крик", „Круна плус" Радовиш, ИКС, „Меѓаши", Младиснки совет Прилеп, Медиа плус Штип, ХКЧП, „Конект", МОН, ЦГК, ХОПС..



ТЕМА

# ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН

# Зајакнување на улогата на младите во демократските процеси



Во Младинскиот центар на општина Струмица се одржа тридневната обука „Изборен навигатор за зајакнување на демократијата и изборниот процес во Република Северна Македонија“, организирана од Центарот за истражување и анализи НОВУС. Обуката беше наменета за млади од осумте плански региони и имаше за цел да ја зајакне нивната улога во демократските процеси и локалните избори во 2025 година.

Програмата се реализираше преку интерактивни сесии и практични вежби на теми како политичка моќ, општествена поларизација, улогата на независните набљудувачи, застапување и лобирање, јавен настап, политичка комуникација, пропаганда и граѓански активизам. Обуката ја водеше Сашо Ордановски, експерт со долгогодишно искуство, кој преку менторство и практични примери ги насочи младите кон активно граѓанско учество и критичко размислување.

Првите два дена беа посветени на разбирање на современата демократија, на подготовките за локалните избори 2025 година, улогата на независните набљудувачи во обезбедувањето фер и транспарентен изборен процес, како и на практични вежби за застапување, лобирање и јавен настап. Третиот ден фокусот беше на политичката комуникација, пропагандата и граѓанскиот активизам, а учесниците ја тестираа и новата алатка „**Изборен навигатор**“ која е значаен ресурс за информираното и активно учество на младите во изборните процеси.

Обуката е дел од проектот „Изборен навигатор за зајакнување на демократијата и изборниот процес во РСМ“ што го спроведува НОВУС, како подгрант на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2”, финансиран од Европската Унија.

# Онлај изборна култура под лупа

Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) повторно го активираше механизмот за жалби поврзани со изборните активности во онлајн просторот, со цел да се обезбеди фер и демократска комуникација за време на локалните избори 2025 година.

Механизмот се спроведува преку Координативното тело, составено од претставници на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), СЕММ, Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Институтот за комуникациски студии (ИКС) и Фондацијата „Метаморфозис“. Телото постапува по жалби во случаи на дезинформации, говор на омраза, злоупотреба на лични податоци и други прекршувања на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на избори и референдуми.

Поединци, институции, граѓански организации, политички партии или независни кандидати можат да поднесат жалба до Координативното тело, доколку препознаат прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија или на Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

Кодексот за однесување во онлајн просторот, усвоен во септември 2023 година, ги опфаќа сите учесници во изборниот процес кои комуницираат во дигиталниот простор – политички партии, нивните кандидати, независни кандидати, онлајн медиуми, интернет-изданија на радиодифузери, проверувачи на факти, инфлуенсери и други актери кои можат да влијаат врз гласачите.

Целта на Кодексот и на активираниот механизам е да се обезбеди точност и интегритет на информациите, транспарентност на политичкото рекламирање, заштита на личните податоци и поттикнување култура на почит и отчетност во јавниот дискурс.

Во последните две години кон Кодексот пристапија три политички партии - Левица, Европска демократска партија и Партија на пензионерите, како и 21 медиумска организација, меѓу кои ТВ Алфа, ТВ Коха, ТВ Тера, ТВ Дуе, ТВ Кочани ЛД, ТВ Спектра, Радио Блета, Радио Кочани, Радио Вати, Радио Комета, весникот Коха, Спорт1, 4Нуз, Екипа, Радовиш Њуз, Гостиварисот, Флака, Макпрес, Одлучисе.мк, Порталб и 360 Степени.

Претставките се поднесуваат на следната **електронска адреса** .

# Мултипартиски рурален еко хакатон



Првиот мултипартиски еко хакатон обедини 29 претставници на подмладоците на 14 политички партии од целата држава. Под менторство и со поддршка на национални експерти, овие креатори на промени се соочија со некои од најитните еколошки и земјоделски предизвици кои се дел од руралните заедници денес.

Настанот заврши со потпишување на првата заедничка Декларација за рурален развој. Овој документ ја обединува визијата на младите политички лидери за поодржливи и просперитетни рурални заедници.

Декларацијата е резултат на тридневен интензивен процес на ко-креирање, во кој учесниците преку тимска работа и поддршка од експерти, подготвија конкретни препораки кои беа наменети за:

- Локални еколошки ризици – управување со отпад и диви депонии;
- Заштита на природни ресурси и локални екосистеми;
- Климатски промени и нивно влијание врз земјоделството и руралниот живот; и
- Младински екотуризам и можности за рурален претприемачки развој.

Со потпишувањето на Декларацијата, политичките подмладоци испратија јасна порака дека клучните предизвици во руралните заедници се поважни од партиските разлики. Нивната заедничка визија е иднината на руралните средини да биде заснована врз одржлив развој, меѓусебна соработка и конкретни решенија за граѓаните.

Документот е иницијална каписла, почеток на процес во кој идеите и препораките на младите ќе бидат развиени и вградени во идните изборни програми и политики за рурален развој. Со оваа декларација, младите покажаа дека се подготвени не само да дискутираат, туку и да дејствуваат за да обезбедат подобар живот за сегашните и идните генерации.

Хакатонот како колаборативен настан за развој на одржливи решенија е дел од Швајцарската програма за поддршка на изборите што го организираа Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и Институтот за економски стратегии и меѓународни односи – Охрид.

# Прв млекомат за свежо манастирско млеко во Македонија

На 25 август 2025 година, во центарот на Кичево, официјално беше пуштен во употреба првиот млекомат за свежо млеко во Македонија. Жителите на Кичево и околината сега можат да набават свежо кравјо млеко од Земјоделската задруга „Крнино", која работи при Манастирот „Св. Богородица Пречиста". Млекоматот е обезбеден со средства од Европската Унија преку проектот АгроСмарт, спроведуван од Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП), Хемера и ЦЕП Можности.

„Млекото што се нуди преку млекоматот е свежо, со зачувани природни хранливи својства, без додатоци и конзерванси и во контролирани хигиенски и температурни услови. Освен млеко, потрошувачите можат да купат и сирење," изјави Станоја Станојовски од Задругата.

Лазар Неданоски, директор на МРФП, го претстави млекоматот како пример за модернизација на македонските фарми и осовременување на продажбата на локални земјоделски производи со финансиска поддршка од ЕУ. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски, истакна дека модернизацијата на земјоделството е во фокусот на политиките и програмите на Министерството.




Присутните ја посетија и фармата близу манастирот, каде е инсталирана линијата за молзење и млекарата за производство на свежи млечни производи, покажувајќи како традицијата и иновацијата можат да одат рака под рака.

# Обуки што го зајакнуваат локалното новинарство



Во септември, Велес и Штип беа центар на новинарски активности што го поттикнуваат аналитичкото известување на локално ниво. Две обуки за новинари и граѓански активисти се одржаа во рамки на платформата „Локал Актив Вардар".

Во Велес, на 16 септември, 14 активисти и новинари од Вардарскиот регион учествуваа на обука посветена на пишување аналитички приказни. Под менторство на Билјана Георгиевска, претседателка на Советот за етика во медиумите и долгогодишна новинарка во ББЦ (BBC), учесниците се запознаа со структурата на новинарската анализа, пристапот до извори и техниките за истражување локални теми. Преку практични вежби, тие развија идеи за стории што ја одразуваат реалноста и потребите на нивните заедници.

Втората обука се одржа во Штип, на 30 септември, и беше наменета за новинари и граѓански организации од Источниот и Југоисточниот регион. Работилницата беше фокусирана на унапредување на аналитичкиот пристап во известувањето за локални проблеми, но и на значењето на точноста, авторизацијата и проверката на информациите од различни извори.

Во рамките на обуката се одржа и уреднички состанок, со кој беше означен почетокот на новиот циклус активности во рамки на „Локал Актив".

Со овие обуки и активности се создава основа за развој на медиуми на заедницата како простор за дијалог, анализи, информирање и граѓански ангажман.

Активностите се дел од проектот „Медиуми на заедницата за граѓански ангажман", што го спроведува Институтот РЕСИС со поддршка од Европската Унија.



# Младинска медиумска лабораторија



Повеќе од 300 млади од Пелагонија беа обучени во областа на медиумската писменост преку активностите од проектот „Младинска медиумска лабораторија", спроведен од здружението „Граѓански патеки". Работилниците, обуките и менторската програма, водени од професионални новинари и ИТ експерти, им овозможија на учесниците да развијат критичко размислување и вештини за создавање точни и одговорни медиумски содржини.

„Работилниците за интервјуирање и снимање поткасти привлекоа најмногу внимание. Младите научија да ја следат точноста и вистинитоста на вестите и покажаа дека можат да бидат одговорни креатори на медиумски содржини", истакнува Анета Шијакова, претседателка на „Граѓански патеки".

Учесниците оценуваат дека обуките им помогнале да препознаат дезинформации и да развијат критички пристап кон медиумите. „По обуките започнав да ја проверувам секоја информација што ја добивам и научив како да разликувам вистински од лажни фотографии", додава Марта Кузманоска од Крушево.

Со проектот, беше создаден видео-курс достапен на **Medialab.mk**, едукативна платформа со тест-модул за проверка на стекнатото знаење. Дел од младите учесници веќе ги применуваат новите вештини преку креирање содржини за Блогот за млади новинари, вклучително стории и радио-поткасти.

Проектот се реализираше во соработка со локални граѓански организации (ИКТ Свет, Журналист, Од млади за млади, Младинска граѓанска акција и Еко герила Преспа) и опфати 12 младински работилници во Битола, Новаци, Могила, Крушево и Ресен. Финансиран е преку шемата за мали грантови „Нашите медиуми", која поддржа 21 локален проект низ Западен Балкан.

# Инклузивен младински камп во Охрид - лето на пријателства, креативност и заедништво



Од 11 до 15 август 2025 година, во Извидничкиот камп во Охрид, се одржа традиционалната инклузивна летна младинска програма „Оствaруваме кампување", во организација на Центарот за младински активизам КРИК, со поддршка од Амбасадата на Шпанија, Јуроп хаус Скопје (Europe House Skopje) и Комерцијална банка АД Скопје, во соработка со Сојузот на извидници на Македонија.

Кампот обедини околу 50 млади и возрасни лица со и без попреченост во четиридневна авантура исполнета со природа, игри, креативност и нови пријателства. Учесниците кампуваа под ѕвездено небо, уживаа во кајакарење, тимски активности, музика, креативни работилници и филмска вечер на отворено, создавајќи спомени кои ќе ги паметат долго.

„Нашите денови во Извидничкиот центар во Охрид беа исполнети со авантури, дружење и многу смеа – од кајакарење и тимски игри, до креативни работилници и вечери под ѕвезденото небо", споделија од „Крик".

Во креативната зона, секој учесник, без разлика на способностите, имаше можност да се изрази преку уметнички и креативни работилници и да создаде уникатни изработки како спомен од кампот. Многумина уживаа во работилницата за накит од монистра, која, како што велат од „Крик", „не е само креативна, туку и терапевтска: таа не' смирува, не поврзува и ни помага да се изразиме преку бои и стилови".

Младите учествуваа и во едукативни игри за шпанскиот јазик и култура, каде преку забава и тимски дух научија нови зборови, обичаи и факти за Шпанија.

Особено впечатлива беше креативната игра инспирирана од Јуроп хаус (Europe House), во која учесниците создадоа свои замислени земји со сопствени знамиња и химни, вградувајќи во нив вредности како солидарност, правда, еднаквост, културна разновидност и образование за сите.

„Благодарение на поддршката, нашите учесници добија лето полно со нови доживувања, пријателства и инспирација за заедништво и нови светови", велат од „Крик".

„Секој момент беше посебен – создадовме нови пријателства, научивме нови нешта и уживавме во инклузивноста која го прави овој камп уникатен," додаваат тие, сумирајќи ја атмосферата од летната авантура.

Преку овие активности, кампот уште еднаш ја потврди својата мисија, да создава овозможувачка и безбедна средина, каде младите можат да учат, да се дружат и да ја почувствуваат вистинската смисла на инклузијата.

# Млади радовишани носители на еколошки промени во својата општина

Шестмина ученици од општина Радовиш ја преземаат иницијативата за еколошка промена во својата заедница. Со поддршка од рудникот Бучим и во соработка со здружението „Круна плус" од Радовиш, тие започнуваат прв самостоен иновативен еко-проект насочен кон идентификување, истражување и решавање на локалните еколошки предизвици, преку објективот на младите, за младите.

Проектот комбинира едукација, теренско истражување, креативни активности и медиумско изразување. Учесниците ќе учат од стручњаци како да работат во тим, како да продуцираат подкасти, јавни презентации и мини-кампањи со силна порака за еколошка свесност и одговорност. Преку оваа иницијатива ќе се зголеми свесноста за еколошките прашања и на младите ќе им се овозможи да бидат активни креатори на позитивни општествени промени.

Во воведното видео, учесниците велат дека преку проектот ќе научат како да работат заедно и како да ги застапуваат нивните ставови.

Рудникот Бучим, како општествено одговорна компанија, ги поддржува младинските иницијативи и овозможува простор за креативно делување. Овој проект е дел од таа нивната стратегија за ангажман со заедницата, особено во областа на животната средина и граѓанската одговорност.

Проектот создава нова генерација на еколошки свесни, активни и инспирирани млади во Радовиш кои создаваат решенија.



# Камп фест Преспа: Младите ја будат љубовта кон природата и заедничкото делување



На последниот викенд од август, брегот на Преспанското Езеро повторно заблеска со енергија, музика и граѓанска свест. На плажата во автокампот „Крани“ се одржа дводневниот „Камп фест Преспа“. Овој настан ја спои авантурата, забавата и еко-активизмот во едно искрено доживување на природата.

Повеќе од педесетина млади и љубители на природата кампуваа бесплатно на брегот на езерото, уживајќи во музика, вечерна забава и добра атмосфера. Централниот момент беше еко акцијата, во која околу дваесетина млади волонтери и локални жители заеднички ја исчистија дивата затревена зона на плажата кај „Крани“. Со само неколку часа работа, просторот се претвори во уредено место, повторно достојно за природното богатство на Преспа.

Покрај акцијата, учесниците уживаа и во едукативна програма. Преку проекција на документарниот филм „Што ја гуши Преспа?“, кратки видеа за еко-одговорност и изложба со пораки за заштита на животната средина, кампот покажа дека еко-свеста и забавата можат да одат рака под рака.

Викендот заврши со настапот на бендот „Moodfellas“, кој донесе позитивна енергија, танцување и насмевки под зајдисонцето. Со „Камп фест Преспа“, младите уште еднаш потврдија дека вистинската промена започнува токму од граѓаните.

Фестивалот, организиран од Еко герила Преспа и Институтот за комуникациски студии (ИКС) како дел од кампањата „Преспа? Разбуди се за чиста средина“, поддржана од Европската Унија преку програмата „ЕУ за Преспа“, покажа како младите преку забава и заедничко делување можат да придонесат за почиста Преспа.

# Децата бараат поголема заштита во дигиталниот свет

Безбедноста на децата на интернет беше во центарот на јавната трибина „Превенција и заштита на децата од дигитална злоупотреба и материјали поврзани со сексуална злоупотреба на деца (CSAM)“, организирана од Првата детска амбасада во светот – Меѓаши. Настанот ги обедини граѓанскиот сектор, институциите, стручните служби, медиумите, приватниот сектор и младите со заедничка цел – создавање побезбеден дигитален простор за најмладите.

Драги Змијанац, претседател на Меѓаши, истакна дека дигиталната безбедност на децата е едно од најгорливите прашања на денешницата и дека потребата од здружени напори во превенцијата и заштитата е поголема од кога било. Тој ја нагласи важноста на вклучувањето на сите засегнати страни во креирањето политики и механизми кои ќе ја гарантираат дигиталната безбедност на најмладите.

Фокусот на трибината беа децата и младите, кои преку претходно одржани работилници испратија пораки и предлози за тоа како да се зголеми нивната безбедност на интернет. Модераторката Јана Николовска ги презентираше нивните ставови, а беше презентиран и регионален документ со можни решенија за справување со дигиталната злоупотреба.

На јавната трибина беа промовирани и публикации изработени како дел од проектот TOMAC – Towards Uniformed Legislation Against CSAM. Јорданка Ч. Трајкоска, психолог и истражувач, зборуваше за процесот на нивна подготовка, а фокусот беше ставен на Водичот за застапување и масовно лобирање за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет.

На панел-дискусијата учествуваа претставници од Министерството за дигитална трансформација, Министерството за внатрешни работи, училиштето СУГС „Арсени Јовков“, компанијата А1 и сервисот за поддршка на деца и млади „АлоБушавко“.

Претставниците потенцираа дека континуираната соработка и вклученоста на родителите и наставниците се покажаа како клучни за рана превенција на дигитално насилство, а бизнис заедницата, преку А1 Македонија, ја истакна својата подготвеност за партнерства во создавање побезбеден онлајн простор.

Децата отворено зборуваа за својата перцепција на дигиталните ризици, посочувајќи дека немаат доволна доверба во институциите. Претставници од училиштата, пак, побараа појасни механизми за превенција и заштита.

Настанот ја потврди потребата од системски пристап во справувањето со дигиталната злоупотреба – преку посилна институционална координација, поддршка од граѓанскиот сектор и активно учество на младите во креирањето решенија.

# Активно граѓанство во Крушево



Во Крушево е формирано првото Локално собрание на млади, чекор кој им овозможува на младите директно да учествуваат во креирањето локални политики. Беа усвоени измени на Статутот на општината, кои отворија пат за младинско учество и институционализирање на нивниот глас.

Оваа иницијатива е дел од проектот „Младите се гласот на промените во општините“, финансиран од Европската Унија и спроведен од здружението „Младински совет Прилеп“ во партнерство со здружението на млади „Емпауринг“ од Крушево. Проектот ќе придонесе да се зајакне локалната демократија преку активно граѓанство и социјална инклузија на младите, овозможувајќи им влијание во процесите на донесување одлуки.

Над 160 млади од Прилеп и Крушево учествуваа во работилници за младинско учество и активизам, стекнувајќи знаења и вештини согласно Законот за младинско учество и младински политики.

Локалното собрание на млади е првиот и основен чекор кон создавање Локален младински совет, т.е формално тело кое ќе овозможи младите да бидат активно вклучени во процесите на донесување одлуки и застапување на младинските интереси пред Општината и релевантните локални институции. Општината, со поддршка од проектот, подготви прв јавен повик за Младински совет и обезбеди административна и техничка помош за примена на процедурите.

Овие активности се значаен исчекор кон институционализирано младинско учество, отворајќи можности младите да станат активни чинители во развојот на своите општини.

Активностите се дел е подгрантот на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2”, финансиран од Европската Унија.

# Руралните жени од Југозападниот и Полошкиот регион во центарот на локалните одлуки

Во општините Кичево и Гостивар, жените од руралните средини стануваат сѐ поактивни во креирањето на локални политики и решавањето на проблемите во заедниците. Оваа трансформација се поттикнува преку проектот „Гласот на жените од руралните средини“, спроведен од здружението на жени фармери „Моја фарма“ од Гостивар, во партнерство со Институтот за едукација, стратешки истражувања и анализи – „Рурал тинк“, од Кичево. Проектот, кој се реализираше од јануари до септември 2025 година, имаше за цел да ги зајакне капацитетите на општините за родово одговорно програмирање и да овозможи активно вклучување на жените во локалното донесување одлуки, особено во развојот и социјалната заштита.

Преку родови анализи, јавни дебати, документи за јавни политики и родово-одговорни форуми, проектот воспостави мост помеѓу институциите и заедниците, создавајќи основа за поинклузивни и праведни локални политики. Тимот анализаше три клучни програми: Локален економски развој, Социјална заштита и Родова еднаквост, идентификувајќи области каде недостасува родова перспектива. Резултатите беа презентирани пред јавноста преку визуелни материјали и инфографици, за да се поттикне свесност, да се зголеми влијанието на жените и да се инспирира институционална реакција за создавање на поинклузивни заедници.



# Разбивање на предрасудите и стигмата за живот без дискриминација




Членовите и вработените на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) ја продлабочија својата експертиза за инклузивен и недискриминирачки пристап кон маргинализираните заедници.

Обуката за нив ја организираше Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП) во партнерство со ХОПС и Коалиција Маргини на 23 јули. Целта беше да се продлабочи разбирањето за предрасудите, стигмата и дискриминацијата врз ЛГБТИ лицата, луѓето кои употребуваат дроги и лицата кои живеат со ХИВ, како и да се зајакнат капацитетите за недискриминирачки и инклузивен пристап во нивната работа.

Експертите од Мрежата за заштита од дискриминација, Тона Карева Талеска и Атанас Аврамов, ги водеа учесниците низ практични примери и методи за препознавање на лични и општествени предрасуди, истакнувајќи ја важноста на улогата на сојузник во остварувањето на правата на маргинализираните групи.

Обуката е дел од проектот „Еднаквост сега – Зајакнување на маргинализираните заедници за социјална инклузија и недискриминација", финансиран од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Преку новите знаења, КСЗД ќе може поефикасно да обезбедува заштита од дискриминација и да ја унапреди својата работа, особено во превенцијата на дискриминацијата врз жени од маргинализирани заедници.

# Поврзување на заедниците преку филантропија



Од 14 до 17 јули 2025 година, делегација од 10 претставници од Северна Македонија, од седум локални граѓански организации од Струмица, Гевгелија, Охрид, Битола, Гостивар, Чаир и Шуто Оризари, учествуваше во студиската посета на Србија и Босна и Херцеговина. Посетата беше организирана од здружението „Конект" од Скопје, како дел од регионалниот проект „Фондации на заедницата – зајакнување на локалната филантропија во Западен Балкан", финансиран од Европската Унија, во партнерство со Фондација „Траг" од Србија и „Фондација на заедницата Тузла" од БиХ.

На посетата, учесниците разменија искуства и се запознаа со успешни модели на фондации на заедницата, кои активно ја поттикнуваат локалната развојна агенда, граѓанскиот активизам и културата на донирање. Преку директни средби со фондации, претставници на заедницата и граѓански организации во Ниш, Стара Пазова, Бијелина и Тузла, учесниците видоа практики кои можат да се применат во основање и функционирање на идни локални фондации во Северна Македонија.

Во Ниш, учесниците ги истражуваа методите за транспарентно доделување грантови и инклузивни програми за млади и маргинализирани групи, вклучувајќи онлајн аукции и спортски турнири. Во Стара Пазова беше претставен модел на мала, но ефикасна фондација со силна поддршка од локалната власт и бизнис секторот. Во Бијелина беше покажано како фондација која произлегла од неформални пријателства и граѓански ентузијазам може да прерасне во доверлива институција која успешно соработува со општините, додека Тузла ги инспирираше учесниците со примери за младински активизам, културна ревитализација и меѓуетнички дијалог.

„Оваа студиска посета беше од големо значење. Запознав нови луѓе и организации, стекнав нови знаења и механизми на работа," истакна еден од учесниците.

Посетата ја потврди важноста на регионалната соработка за изградба на посилни, поврзани и одржливи заедници, отворајќи нови можности за менторство и заеднички проекти.

## Нови формули за правично и поквалитетно образование




Од 1 јануари 2026 година ќе започне примената на новата методологија за финансирање на основното и средното образование, која Владата ја усвои на предлог на Министерството за образование и наука. Формулите, изработени со поддршка од УНИЦЕФ, Светската банка, Швајцарската амбасада, здружението за истражување и анализи ЗМАИ, Заедницата на единиците на локалната самоуправа ЗЕЛС и општините, се очекува да донесат поефикасно, правично и поквалитетно образование за сите ученици во земјата.

„Ова е пример како заедничка работа, отвореност и експертиза можат да донесат трајни и квалитетни решенија за нашето образование," изјави Виктор Митевски, извршен директор на ЗМАИ. Тој потенцира дека новите формули не се преземени однадвор, туку се резултат на петгодишна работа на македонски професионалци и практичари кои, со поддршка од меѓународни експерти, создадоа модел прилагоден на домашниот контекст.

Претставничката на УНИЦЕФ, Лесли Милер, ја истакна реформата како стратешки пресврт кон поинклузивен и ефикасен систем, додека Бојана Нацева од Светската банка нагласи дека методологијата носи повеќе транспарентност и отчетност во трошењето на јавните средства. Со јасни критериуми и правила, општините ќе имаат можност порамномерно да ги распределуваат средствата до училиштата, поттикнувајќи ги да инвестираат во подобар квалитет на наставата.

Со оваа промена, подготвена низ партиципативен процес, државата прави значаен чекор кон современ образовен систем кој ги следи потребите на учениците и општеството, потпирајќи се на систем заснован на фер пристап, одговорност и визија за иднината на младите.

## Министерствата со помала транспарентност, општините стагнираат на нивото од 2024 година

Центарот за граѓански комуникации го објави редовното истражување за активната транспарентност на државните институции за 2025 година, според кое, просечната активна транспарентност на министерствата, Владата и општините изнесува 80 %, непроменето во однос на ланската година. Активната транспарентност на министерствата и Владата е намалена во однос на минатата година и изнесува 84 % (лани 86 %), додека општините го задржаа истото ниво на активна транспарентност, односно 79%.

Меѓу министерствата, највисоки резултати и годинава оствари Министерството за одбрана, петта година по ред со максимални 100 % исполнетост на обврските за проактивно објавување информации, како и новоформираното Министерство за дигитална трансформација кои исто така достигна 100 %. Најниска активна транспарентност имаат Министерството за спорт (63%) и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (65,2 %).

На локално ниво, од вкупно 80 општини, општините Кавадарци и Кичево ја задржаа максималната 100 % активна транспарентност, додека најниско рангирана е Лозово со 33,3 %. Повеќе од половина од општините се наоѓаат во најдобрата група со „многу добра" активна транспарентност (80–100 %), а ниту една општина не е во најниската група.

Регионите според активната транспарентност се распределуваат вака: Источен со 88 % ја држи првата позиција третата година по ред, со сите општини во групата „многу добра", Југоисточен со 87 % бележи минимално подобрување во однос на лани, водечка општина е Гевгелија со 93,1 %, Југозападен со 82 % е трет, при што Кичево постигнува максимални 100 %, Пелагониски со 80 %, водечкото место го делат Битола и Прилеп со 100 %, Скопски со 76 % за прв пат не е на дното, а Гази Баба води со 100 %, Североисточен со 73 % бележи минимални промени со Куманово на врвот со 97,1 %, Вардарски со 73 % бележи пад од 6 поени, при што Кавадарци води со 100 %, а Полошки со 71 % останува на последното место, со најниска активна транспарентност и понатаму со сериозни предизвици во проактивното објавување информации.

Истражувањето, спроведено од 1 јули до 31 август 2025 година, ја мери активната транспарентност преку пра-

шалници и тест-барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Само 54 % од институциите одговориле во законскиот рок од 20 дена, што претставува значително влошување во однос на ланската година (71 %).

Целото истражување и детален преглед на рангирањето на сите министерства, општини и региони можете да го видите **тука**.




# ХОПС: Намалувањето на штети не е идеологија – тоа е доказ дека ни е грижа за луѓето

ХОПС – Опции за здрав живот Скопје се приклучи на глобалната иницијатива за зачувување на улогата на Светската здравствена организација (СЗО) во политиките за намалување на штети. Иницијативата, која ја предводат меѓународните мрежи (**INPUD**, **HRI** и **IDPC**), кулминираше со **отворено писмо до генералниот директор на СЗО**, д-р Тедрос Аданом Гебрејесус. Целта беше да се потврди дека намалувањето на штети е суштински дел од јавноздравствените политики што спасуваат животи и ги заштитуваат човековите права на луѓето кои употребуваат дроги.

Во писмото, организациите предупредуваат дека тековните кратења на буџетот и персоналот во СЗО може да го ослабат глобалното лидерство во оваа област. „Политиките за намалување на штети не се идеологија, туку научно заснован пристап што спасува животи", порачаа потписниците, меѓу кои и ХОПС – организација со повеќе од две децении искуство во теренска работа со луѓето кои употребуваат дроги и застапување во Македонија.

Но, додека светот се обединува околу ова прашање, состојбата на национално ниво е сè потешка. Благородна Коцева Симјанов од ХОПС предупредува дека системот во Македонија е во кревка состојба и дека програмите за намалување на штети преживуваат благодарение на ентузијазмот на луѓето што работат во нив, а не поради стабилна институционална поддршка.

„Македонија беше пионер во регионот кога пред повеќе од две децении започна со програми за намалување на штети – во време кога темата беше речиси табу. Благодарение на организации како ХОПС, денес постои систем на услуги што опфаќа лица кои употребуваат дроги, сексуални работници и нивните семејства, и кој во минатото беше препознаен како пример на успешна јавноздравствена политика. Но денес ситуацијата е загрижувачка", вели Благородна К. Симјанов.

Според неа, државната поддршка формално постои, но реално е минимална и непредвидлива. „Средствата доцнат во континуитет, без предвидливост и со чести административни застои. Системот не обезбедува стабилно финансирање, а тоа најмногу се чувствува токму на терен – кај луѓето што имаат потреба од континуирани, достапни и доверливи услуги".




ХОПС, преку Центарот за рехабилитација и реинтеграција и своите теренски тимови, годишно опфаќа меѓу 900 и 1.000 лица и обезбедува повеќе од 8.000 индивидуални услуги – од здравствена поддршка и советување, до психосоцијална помош и ресоцијализација. Но, според Благородна, тоа се резултати постигнати со минимални средства и огромен личен ангажман.

„Финансиската состојба е очајна. Средствата што се издвојуваат не ги покриваат ниту основните трошоци за работа, а уште помалку дозволуваат развој и адаптација кон новите трендови на употреба – како што се појавата на нови психоактивни супстанци, комбинирање лекови со стимуланси, онлајн купување дроги и раст на психолошка ранливост кај младите", објаснува таа.

Според податоците што ги споделува ХОПС, ефектите од програмите се видливи и значајни. Македонија и понатаму има стабилна, ниска стапка на ХИВ меѓу лицата што инјектираат дрога – што е еден од најјасните показатели дека пристапот функционира. Секоја година, преку програмите за намалување на штети, се дистрибуираат над 70.000 парчиња стерилен прибор, се спроведуваат до 1.000 тестирања за ХИВ и хепатитис и се обезбедуваат илјадници индивидуални услуги – од здравствено и психосоцијално советување, до поддршка за вклучување во третман и рехабилитација.

Дополнителен проблем е и затворањето на „ДропИн" центрите, кои со години претставуваа безбедно место каде што луѓето што употребуваат дроги можеа да добијат повеќе сервиси на едно место. „Во последниве години организациите кои работеа на намалување на штети ги затворија Дроп-ин центрите не затоа што немаа резултати, туку затоа што немаа начин да преживеат. А токму тие центри беа клучни за контактот со заедницата", појаснува Благородна К. Симјанов.

Таа порачува дека е време институциите да го препознаат значењето на овие програми не како хуманитарна обврска, туку како дел од јавното здравје. „Нашата порака е едноставна: намалувањето на штети не е политика на толеранција кон дрогите, туку политика за грижа кон луѓето. Секој човек заслужува поддршка и шанса, а не стигма и осуда."

## Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја усвои Програмата за работа 2025–2026

На седницата одржана на 25 септември 2025 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја усвои **Програмата за работа за периодот 2025-2026 година**, документ што ги поставува насоките за унапредување на политиките, законите и институционалната рамка во кои функционираат граѓанските организации.

Клучниот приоритет на Советот во наредниот период ќе биде создавање и следење на овозможувачка околина за развој на граѓанското општество преку подобрување на законската рамка, поттикнување на транспарентно финансирање и унапредување на соработката меѓу институциите и граѓанските организации.

Една од надлежностите на Советот е следење на јавните политики. Советот ќе организира тематски состаноци и анализи на јавните политики кои влијаат врз околината во која се развива граѓанското општество. Се предвидува редовно следење на Годишниот извештај за овозможувачката околина и Матрицата за мониторинг, со цел навремено реагирање на политики кои можат да имаат негативно влијание врз здруженијата и фондациите.

Во план е изготвување мислења и препораки за измени на клучни закони, како што се Законот за здруженија и фондации, Законот за волонтерство, Законот за донации и спонзорства, Закон за социјални претпријатија и други. Од овие измени се очекува подобрување на околината во која се развива граѓанското општество, како и усогласување на јавните политики со потребите на граѓанското општество.

„Во однос на финансиската одржливост на граѓанските организации која во изминатиот период е еден од главните предизвици за граѓанските организации, клучен фокус на Советот ќе биде унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации вклучително и примената на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите како и унапредување на даночната рамка за граѓанските организации," се наведува во документот.

Советот ќе отвори канал за директна комуникација со граѓанските организации и ќе спроведе кампања за информирање за својата улога и активностите. Програмата предвидува редовни средби, јавни дебати и годишен форум со цел да се поттикне доверба, транспарентност и соработка.

Во наредниот период, Советот ќе усвои и Комуникациска стратегија за 2025–2028 година со поддршка од ЕУ проектот за техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации, како и План за комуникација на Советот.



## Што ќе се менува во Законот за здруженија и фондации?

Почнувајќи од август оваа година, повторно се активираше процесот за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации. Ресорното министерство, Министерството за правда, формираше работна група составена од претставници од граѓанскиот сектор, надлежните државни институции и академската фела.

Целта на отворање на Законот останува иста како и во претходната фаза, да се унапредат одредени законски решенија чие спроведување во праксата било предизвик. На овој начин, Законот би бил пофункционален. Покрај тоа, со известувањето за почеток на процесот за подготовка на предлог на законот, се потенцира дека една од целите на измените е да се регулира начинот на финансирање на граѓанските организации со фокус на државното финансирање. Предмет на разгледување ќе бидат и одредбите кои се однесуваат на статусот на организациите од јавен интерес како и предизвиците кои се утврдени при регистрација на граѓански организации.

Динамиката на овој процес е подготовка на предлог од работната група до крајот на 2025 година, кој понатаму ќе треба да ги помине филтрите на владината и собраниската процедура пред да биде усвоен. Се очекува, по завршување на оваа фаза, да се спроведат и пошироки јавни консултации за сите засегнати страни.

## Пристапот до информации од јавен карактер станува предизвик

Извештајот за овозможувачка околина за 2024 година, забележува негативни трендови за достапноста на информации од јавен карактер од страна на институциите. Имено, по спроведената анкета со граѓанските организации, 70% од анкетираните во текот на годината поднеле барање за информации од јавен карактер до одредена институција. Околу една третина од нив (33%) посочуваат дека не добиле одговор во законски предвидениот рок, што укажува на постојаниот јаз помеѓу законските одредби и практичното спроведување.

Во извештајот на МЦМС се констатира дека состојбата со пристапот до информации од јавен карактер во праксата се влошува, особено кога станува збор за спроведувањето на законските одредби и институционалната транспарентност.

Овој податок укажува на поголем системски предизвик: иако законски рамката постои (Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер), спроведувањето, односно практичната достапност на информации, како и спроведувањето на рокови и позитивни одговори од институциите почнува да станува предизвик. Ова може да креира недоверба кон институциите, чувство на исклученост и ограничување на транспарентноста.

Вакви трендови се евидентираат и од страна на медиумите и новинарите кои често пријавуваат институционални опструкции - како поголеми бирократски барања, процедурални одложувања и намерно пренасочување при обидите да дојдат до информации од јавен карактер. Ова особено е евидентно кај новинарите кои работат истражувачко новинарство. Ваквите констатации се евидентираат во извештаите на Здружението на новинари и во извештајот на Балканската истражувачката репортерска мрежа (БИРН).

Во текот на 2025 година Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер беше отворен од ресорното Министерство за правда за измени и дополнување. Процесот е се уште активен, и е во Владина процедура.





# ВЕСТИ
# ОД ЦИВИКА МОБИЛИТАС

# „Ако ние не се грижиме за јавните пари – кој ќе го прави тоа наместо нас?“ – прашуваат младите од Југоистокот



„Никој досега не ни објаснил зошто е важно да имаш личен буџет, а уште помалку како да го направиш тоа. Ова беше баш корисно и разбирливо“, рече еден од младите учесници на инфо-сесијата за лични финансии во Струмица. Таа едноставна, но длабоко искрена изјава совршено ја отсликува суштината на проектот „Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот“, што го спроведуваат организациите Промо идеа и Новус од Струмица, и Круна плус од Радовиш. Поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас, проектот им овозможува на младите од регионот не само да научат како да управуваат со личните, туку да ги разберат и јавните финансии и да станат посвесни за влијанието што корупцијата го има врз нивната иднина.

Истражувањето за финансиските знаења и вештини на младите лица на возраст од 18 до 29 години во Југоисточниот регион, спроведено на самиот почеток на проектот, откри податоци кои потврдуваат дека оваа тема одамна требало да биде ставена на маса. Речиси 30 проценти од младите признале дека не водат никаква евиденција за месечните трошоци, што укажува на изразена потреба од практична едукација и градење капацитети за рационално управување со личните финансии. Од овие бројки произлегоа содржини, настани и простори за прашања и дијалог, особено околу темите што сè уште ретко се отвораат во формалното образование, како што се пензиските фондови, даноците, личното штедење и одговорното буџетирање.

Една од клучните активности беше дебатата „Кој ги плаќа пензиите?“ што се одржа во Струмица. Младите за првпат имаа можност да слушнат и зборуваат за трите пензиски столбови и за значењето на личната заштеда. „Не знаев дека има и доброволен пензиски фонд. Сега гледам дека треба навреме да размислувам за иднината“, рече Митко Ников, еден од учесниците на дебатата. Неговата реакција беше само една од многуте кои покажаа дека младите се желни за знаење што има практична вредност.

**Прочитајте ја целата сторија.**

# Граѓанска иницијатива за превенција од шумски пожари во Берово и Тетово



Летото 2025 година, Р.С. Македонија се соочи со зголемен ризик од шумски пожари. Од почетокот на јули, кога властите воведоа забрана за влез во шумите и прогласија кризна состојба, па сè до крајот на август, речиси секојдневно беа пријавувани нови пожари. Според податоците од Центарот за управување со кризи (ЦУК), во одредени денови (како на пример на 27 и 28 јули) беа евидентирани дури и над 50 пожари. Овие бројки ја потврдуваат итноста од превенција, брза реакција на институциите и активна вклученост на граѓаните во заштита на природата. Токму во овој контекст, Центарот за климатски промени (ЦКП) и партнерските организации реагираа проактивно, организирајќи дополнителни, проектни активности, за справување со актуелната состојба. Тие ги едуцираа граѓаните, организирајќи јавен настан во Берово и практична обука во Тетово, за да ја подигнат свеста и да развијат вештини за превенција и справување со шумски пожари. На 26 јули 2025 година, на плоштадот во Берово се одржа јавниот настан „Огнот не проштува, а шумата е живот“, организиран од Еко зелено движење од Берово и Центарот за климатски промени, во рамките на проектот „Регионално партнерство за подобро спроведување на Зелената агенда на локално ниво“, финансиран од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Во време кога пожарите повторно ја загрозуваа природата и животот во регионот, овој собир имаше за цел да испрати силна порака за превенција и заштита на шумите, да мобилизира и да повика на заедничка одговорност. Клучен момент на настанот беше декларацијата, со која граѓаните се обврзаа да не палат оган надвор од дозволени места, да ја пријавуваат секоја опасност од пожар и да ги пренесуваат овие вредности на соседите и на следните генерации.

**Прочитајте ја целата сторија.**

# Цивика мобилитас достави предлози до кандидатите на локалните избори 2025




**Предлозите на граѓанските организации** поддржани од Цивика мобилитас денес (12.09.2025 година) стигнаа на адресите на кандидатите за градоначалници и членови на општинските совети.

Тие се собрани и дискутирани од актуелните грантисти за време на последната Средба за вмрежување, одржана на крајот на јуни оваа година. Во овој партиципативен процес учествуваа претставници на околу 70 граѓански организации од целата земја.

Цивика мобилитас ги поттикна своите грантисти, специфичните предлози за нивните општини да им ги достават на кандидатите кои ќе се натпреваруваат за позиција во нивната единица на локална самоуправа.

Ова е дел од процесите на застапување што граѓанските организации го прават во име на интересите на граѓаните. Веруваме дека подобрувањето на квалитетот на животот на граѓаните во Македонија во сите сфери на делување е заеднички интерес на граѓанските организации и другите општествени актери вклучително и на кандидатите за градоначалници и членови на општинските совети. Затоа, се надеваме и очекуваме дека овие предлози ќе си го најдат своето место во програмите на кандидатите.

Граѓанските организации поддржани од Цивика мобилитас ќе продолжат како и до сега да делуваат на сите нивоа како коректори, поддржувачи и спроведувачи на активности кои ќе ги направат општествените промени за доброто на сите.

# Граѓанските организации предлагаат решенија за подобри локални политики и услуги




Граѓанските организации – грантисти на програмата „Цивика мобилитас“, ги формулираа и доставија своите **предлози до кандидатите на локалните избори 2025.** Предлозите се насочени кон подобрување на транспарентноста, отчетноста, граѓанското учество, квалитетот на јавните услуги на локално ниво, како и обезбедување финансирање на граѓанските организации.

Секој од овие аспекти е детално прикажан подолу, со конкретни предлози и препораки кои произлегуваат од искуството на организациите во локалните заедници.

**1) Граѓанско учество**

Најголемиот дел од предлозите бараат посистематско вклучување на граѓаните во одлучувањето: редовни јавни расправи уште во рана фаза (нацрти на документи), квартални форуми по населби, функционални совети (младински, за култура, за безбедност), анкети/онлајн консултации и јасни процедури за одговор на поднесени иницијативи. Се потенцира потребата општините однапред да објавуваат планови и рокови за консултации, со резиме на примени мислења и образложение што е прифатено.

**2) Јавни и социјални услуги**

Организациите бараат подостапни и интегрирани услуги за ранливи групи: локални социјални центри и „едно шалтерски“ пристап, услуги во заедницата (домашна нега, дневни центри), здравствени медијатори и мобилни тимови, подобра координација со центри за социјална работа и училиштата. Честа порака е да се обезбедат мали, но стабилни општински буџетски линии за овие услуги и транспарентни критериуми за нивно доделување/договарање.

**3) Култура, млади и спорт**

Се бараат отворени простори за младите и културата (младински/културни центри, клуб-програми, микро-грантови за локални иницијативи). Предлозите ја нагласуваат важноста на континуитет (програми преку цела година, не само „проекти“) и заедничко планирање со младински организации, спортски клубови и културната сцена. Се споменуваат и безбедни, пристапни локации и навремени јавни повици.

**Прочитајте ја целата вест.**

# За што зборуваат кандидатите на локалните избори 2025? #1




Анализата на јавниот дискурс открива три различни комуникациски стратегии кои кандидатите ги применуваат за да ја оформат својата јавна презентација. Секоја од овие стратегии носи различна тежина и генерира различен одговор од страна на граѓаните.

Првиот пристап се заснова на актуелните еколошки предизвици. Кандидатите кои го следат овој правец ги користат секојдневните еколошки проблеми – како што се квалитетот на воздухот, управувањето со отпад и зачувувањето на зелените површини – како централна точка на нивните кампањи. Тие ги нагласуваат директните врски помеѓу еколошката состојба и секојдневниот живот на граѓаните, претставувајќи ги еколошките прашања како итни и релевантни за локалната заедница.

Вториот пристап е фокусиран на директните услуги и подобрувања кои граѓаните можат да ги видат и почувствуваат. Овој пристап вклучува теми како состојбата на училиштата, безбедноста на сообраќајот, достапноста на здравствената заштита и одржувањето на јавната инфраструктура. Кандидатите кои комуницираат на овој начин се позиционираат како практични решавачи на проблеми, фокусирани на конкретни резултати кои директно влијаат на квалитетот на живот.

Третиот пристап комбинира визија за одржлив развој со конкретни економски предности. Овој профил ги истакнува предностите од обновливите извори на енергија, енергетската ефикасност и зелените технологии не само како еколошки одговорни решенија, туку и како патишта кон економски напредок и создавање нови работни места. Кандидатите кои го следат овој правец се обидуваат да се позиционираат како носители на прогресивни и економски исплатливи решенија за своите заедници.

Овие различни пристапи не само што ги одразуваат приоритетите на кандидатите, туку и укажуваат на различните сегменти на гласачите кои ги наметнуваат своите очекувања во јавниот дискурс.

**Прочитајте ја целата вест.**

# Помалите општини предводници во отвореноста: дигиталните алатки ја зајакнуваат довербата меѓу граѓаните и локалната власт

Дали општината каде што живеете е навистина отворена кон вас? Одговорот на ова прашање го дава **Индексот на отвореност за 2025 година**, кој открива дека некои од помалите општини се меѓу најдобрите примери за транспарентност и отчетност.

На врвот на листата се Крива Паланка (71%), Берово (69%) и Демир Хисар (68%), додека најзатворени се Демир Капија (8%), Сопиште (10%) и Лозово (13%). Иако во 2025 година е забележан раст на просечната отвореност на општините за 3 процентни поени (40% во 2025 година за разлика од 37% во 2024 година) јасно е дека станува збор за скромна отвореност и големи предизвици во нејзиното постигнување.

Овие наоди ги преставија Фондацијата „Метаморфозис“, Рурална коалиција и Центарот за социјални иновации „Блинк 42-21“ на тематскиот форум „Отворена општина – активна заедница“, што се одржа на 24 септември во Скопје, со поддршка на Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.




„Зајакнувањето на довербата во локалната самоуправа преку транспарентност е клучно за сузбивање на корупцијата на локално ниво“, рече Данче Даниловска-Бајдевска, програмска директорка на Фондација „Метаморфозис“. Таа објасни дека Индексот на отвореност ја мери не само транспарентноста, туку и пристапноста, консултациите со граѓаните, интегритетот и ефикасноста на локалната власт. „Ако транспарентноста треба да е повисока за да се спречи корупцијата, сметаме дека тоа треба да го направиме преку дигиталните алатки и трансформацијата,“ истакна таа.

Проектот „Дигитална трансформација на локално ниво (ДИГИЛОК) – Вклучена заедница за отпорност на корупција“, обезбеди менторска поддршка за девет општини: Крива Паланка, Кочани, Штип, Аеродром, Демир Хисар, Струга, Валандово, Неготино и Гостивар. Резултатите покажуваат дека ова довело до подобрување на отвореноста од 2% до 13%.

**Прочитајте ја целата сторија.**

Адресар на граѓански организации

Ресурси од граѓански организации

Магазин „Граѓаните за промена“

Вести од граѓански организации

Граѓански стории

Граѓански импулс

Civica Mobilitas Community

Civica Mobilitas ePlatform

# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

Главен и одговорен уредник: Гонце Јаковлеска

Уредник: Каролина Ѓурковска

Адреса на редакцијата:
ул. Никола Парапунов бр. 41а, поштенски фах 55, 1060 Скопје

Телефон: ++ 389 (0)2 3065 381

Е-маил: helpdesk@civicamobilitas.mk

„Граѓаните за промена“ го издава програмата Цивика мобилитас проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.

Прилозите објавени во ова списание ги изразуваат погледите на авторите и/или организациите кои придонесуваат кон списанието, но не оние на Амбасадата на Швајцарија или оние на организациите спроведувачи: МЦМС, НИРАС или ФЦГ.

www.civicamobilitas.mk